Страната која се повикува на настан на виша сила треба да го докаже постоењето на вишата сила, да ја докаже неможноста на поинаков начин да ја набави и испорача, односно да ја превземе електричната енергија, како и веднаш да ја извести другата страна за превземените мерки за заштита и елиминирање на последиците од настанот на виша сила.

Член 6

Надомест на штета

Снабдувачот ќе го обештети Потрошувачот во случај и на начин предвиден со важечките Правила за снабдување со електрична енергија.

Член 7

Важност, времетраење и услови за раскинување

Договорот се склучува на неопределен временски рок со важност од денот на потпишување од двете Договорни страни.

Снабдувачот и потрошувачот имаат право да го раскинат овој Договор согласно Законот за енергетика, соодветните Правилата за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, со отказен рок од најмалку 30 дена од денот на поднесување на барањето за раскинување на овој договор од страна на Снабдувачот или Потрошувачот.

Во случај кога за времетраењето на овој Договор, Потрошувачот стекне статус на квалификуван потрошувач согласно Законот за енергетика, овој Договор ќе продолжи да важи само ако Потрошувачот не побарал писмено раскинување на Договорот по испратено известување од Снабдувачот за промена на условите и тарифите за испорака на електрична енергија.

Член 8

Завршни и други одредби

Потрошувачот е должен да го извести Снабдувачот за секоја промена на податоците од овој Договор во рок од 15 дена од настанувањето на промената. Во спротивно, Снабдувачот има право да поднесе барање за исклучување на Потрошувачот до Операторот на Дистрибутивниот Систем.

Во случај ако Потрошувачот го отуѓи или издаде под закуп објект(и) за кој(и) се вршела испораката на електрична енергија согласно овој Договор, Потрошувачот е должен да поднесе барање за раскинување на овој Договор согласно важечките Правила за снабдување со електрична енергија. Во случај на промена на користење или сопственост на едно од вкупниот број на мерни места опфатени со овој Договор, истиот продолжува да важи а промената ќе биде ажурирана во прилог листата на мерни места составен дел на овој Договор. Неплатените

фактури за испорачаната електрична енергија до моментот на склучувањето на Договорот за снабдување со електрична енергија со новиот сопственик или закупец се обврска на Потрошувачот.

Во случај кога Потрошувачот на кој наплатата за испорачаната електрична енергија се врши преку редовно плаќање три пати последователно не ја платил фактурата во предвидениот рок, Снабдувачот има право да побара потпишување на Анекс кон овој Договор со цел понатамошното вршење на наплата преку положување на паричен депозит од страна на Потрошувачот.

Доколку потрошувачот не го потпише Анексот од став 3 од овој член во рок од 15 дена од денот на доставувањето, Снабдувачот има право да побара од Операторот на дистрибутивниот систем прекин на испораката на електрична енергија на Потрошувачот.

Доколку некои одредби од овој Договор станат неважечки, тогаш важноста на останатите одредби нема да се промени. Договорните страни се обврзуваат, неважечката одредба по можност соодветно да се замени со нова одредба со Анекс на договор.

Овој Договор ќе се применува и на правните наследници на Договорните страни кои ќе произлезат од евентуалните структурни промени на Договорните страни согласно Законот за трговски друштва (присоединување, поделба, спојување или основање на трговски друштва).

За сите прашања кои не се уредени со овој Договор важат одредбите од законските и подзаконските прописи кои се во сила.

Договорните страни се согласни дека сите спорни прашања ќе се обидат да ги решаваат првенствено спогодбено. Во случај на спор надлежен е Основниот Суд Скопје II - Скопје.

Договорот е сочинет во 4 (четири) примероци по два за секоја Договорна страна.

MKH0314-0819

Потрошувач

Овластен потписник (потписници):

1. ДООЕЛ ГОЛДЕН ЕГ

Потпишано на ден .

Снабдувач

ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

1. Овластен потписник
2. Овластен потписник

ПРИЛОГ 5

- Опис, вид и количина на отпадот од чистење зрнеста храна (плева, лушпа). Да се дополни и доработи табелата за отпад, односно да се наведат останатите видови на отпад (отпадоци од чистење на зрнеста храна, силосна прашина и друго) со количини и мерни единици.

- Табелата за отпад да се преработи, односно во истата да се наведе целиот отпад што се создава во инсталацијата, како и местото и начинот на одложување на генерираниот отпад. Во колоната метод и локација на одложување да се наведе овластен постапувач на соодветен отпад.

Вид на отпад/материјал	Број од Европскиот каталог на отпад	Количина		Преработка/ одложување	Метод и локација на одложување
		Количина по месец [тони]	Годишна количина [тони]		
Отпад од пакување (картон, вреќи, кутии, влошки)	15 01 01		Незначителни количини	Складирање	Грин тим ДОО Битола
Угината живина (парче)	02 01 02		350 парчиња	Привремено складирање	Депонија Дрисла
Живинско ѓубре	02 01 06		400 t	Привремено складирање	Вардар био процес ДОО Градско
Отпад од растително ткиво (постелки)	02 01 03		Незначителни количини	Привремено складирање	Депонија Дрисла
Отпад од јајца	02 01 99		Незначителни количини	Собирање во посебни садови	Депонија Дрисла
Комунален отпад	20 03 01		0,5 t	Привремено складирање	Грин тим ДОО Битола
Отпадоци од чистење на зрнеста храна (плева, лушпи)	02 01 03		0,05 t	Привремено складирање	Вардар био процес ДОО Градско
Силосна прашина (од аспирација и филтри)	02 01 99		0,02 t	Привремено складирање	Вардар био процес ДОО Градско
Мил од септичка јама	20 03 04		0,01 t	Собирање од страна на надворешна лиценцирана фирма заради рециклирање	Грин тим ДОО Битола

Комуналниот отпад што се создава со секојдневната работа на вработените на фармата се собира во сад за комунален отпад што еднаш дневно се исфрла во контејнер. Превземањето на комуналниот отпад го врши Грин тим ДОО Битола.

Со оглед на видот на активноста, не се очекуваат значителни количини на отпад од пакување, со оглед на тоа што влезните материјали во процесот на одгледување се ограничени во смисла на пакувања. Согласно барањата на соодветното законодавство, овој вид отпад ќе се собира одделно од комуналниот во посебен сад за отпад од

пакување, согласно материјалот на пакувањето. Превземањето на овој отпад го врши Грин тим ДОО Битола.

Живинското ѓубре од фарма претставува органски отпад составен од измет од кокошки често измешан со постелка, изгубена храна и пердуви и содржи висока содржина на азот, фосфор и калиум. Овој отпад преку автоматизиран систем се изѓубрува на два-три дена (изнесување на отпадот надвор од објектот за чување кокошки). Ѓубрето паѓа на лента за попречно изѓубрување што го транспортира надвор од шталата во посебна бетонска јама, а потоа преку кос транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство. Изѓубрувањето на овој отпад од фармата се врши на секои три дена, а неговата количина просечно изнесува 5 m^3 (односно околу 50 m^3 месечно). Овој отпад, како и отпадот од чистење зрнеста храна и силосна прашина се превзема од страна на компанијата за производство на електрична енергија од биогас Вардар био процес ДОО Градско со која Голден Ег има склучено договор за превземање на отпадот.

Во процесот на одгледување се јавува одреден процент на умрена живина, воглавно поради технолошка смртност (во целиот период на одгледување, просечно умираат околу 0,1% единки). Моментално, угинатата живина е во мал број и истата се предава во депонијата Дрисла.

Милта од септичката јама ќе се празни редовно по потреба од страна на Грин тим ДОО Битола со кој операторот има склучено договор за услуги за постапување ос отпад.

- Да се достави договор за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови неопасен отпад склучен со ЈП Комунална хигиена Скопје, како овластен постапувач со овој отпад на подрачјето на Град Скопје.

Одговор: Операторот има склучено договор за услуги за постапување со отпад со Грин тим ДОО.

Друштво за промет и услуги
ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-701/
21.05 2026 год.
Битола

ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

Склучен на 21.05.2026 година, во Скопје, од и помеѓу:

1. Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз Битола, со регистрирано седиште на ул. П.П.Његош бр.139, Битола, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7173180, застапувано од Елизабета Јанакиевска, управител (во натамошниот текст: "**Давател на услуги**"); и
2. Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1552 бр.70, с.Визбегово, Бутел, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6459064, застапувано од Емин Зеќири, управител (во натамошниот текст: "**Клиент**").

Кога Клиентот и Давателот на услуги заедно се споменуваат во овој Договор, истите ќе се нарекуваат: „**Страните**".

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Клиентот создава одредени видови на неопасен отпад од вршење на својата дејност, во просториите каде се наоѓа неговото седиште (во натамошниот текст: "**Локацијата**").
(2) Давателот на услуги е трговско друштво кое поседува Дозвола за вршење на дејност управување со отпад (собирање и транспорт на неопасен отпад) заведена под број Уп 1 - 11/2-479/2024 од 12.03.2024 година издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, со важност до 11.03.2034 година (во натамошниот текст: "**Дозволата**").
(3) Клиентот сака да набави од Давателот на услуги и Давателот на услуги е спремен да му обезбеди услуги на Клиентот за постапување со неопасен комунален отпад, односно собирање и транспортирање на комуналниот отпад (во натамошниот текст: "**Услугите**").

Член 2

(1) Страните се согласуваат дека предмет на овој Договор е комунален неопасен отпад создаден преку вршење на дејноста на Клиентот на Локацијата (во натамошниот текст наречен: "**Отпадот**").

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

(1) Под условите од овој Договор, Клиентот го ангажира Давателот на услуги и Давателот на услуги се согласува да му ги обезбедува на Клиентот следните услуги за Отпадот:
- Собирање на Отпадот од локацијата на Клиентот и транспортирање на Отпадот и негово растоварање на места определени за негово депонирање, или организирање на собирањето и транспортот на Отпадот;
- Изнајмување на пластичен контејнер за собирање на Отпадот.

СОБИРАЊЕ НА ОТПАДОТ И ПРЕМИНУВАЊЕ

НА СОПСТВЕНОСТ И РИЗИЦИ

Член 4

(1) Отпадот ќе се утоварува, транспортира и истоварува како што следува:

1. **Садови** – Давателот на услугите ќе обезбеди и направи достапни за целите на овој Договор доволен број на соодветни садови во кои Клиентот ќе го прибира и чува Отпадот на Локацијата на Клиентот пред истиот да биде соберен од страна на Давателот на услугите (во натамошниот текст: „**Садовите**"). Давателот на услугите се обврзува да постапува со Садовите во согласност со применливите закони и регулатива и овој Договор;
2. **Место на утоварување** – Локацијата на Клиентот. Клиентот ќе обезбеди дека Садовите кои го содржат Отпадот се поставени на посебно наменето собирно место на Локацијата на Клиентот (секое такво собирно место ќе се нарекува во натамошниот текст: „**Собирното место**"). Клиентот ќе го одржува Собирното место во уредна состојба и ќе обезбеди дека само овластени лица имаат пристап до истото. Клиентот е должен да му обезбеди пристап на Давателот на услуги до Собирното место со цел да изврши контрола на истото и на состојбата на Садовите и Отпадот во нив, по претходна најава од Давателот на услуги во разумен рок и во согласност со одредбите од овој Договор;
3. **Место на истовар** – Депонија или како што ќе определи Давателот на услугите, во согласност со применливите закони и прописи за управување со отпад;
4. **Вид на возила кои ќе се користат за натовар и транспорт на Отпадот** – како што е пропишано со закон за релевантниот вид на Отпад. Давателот на услуги се обврзува да обезбеди дека секое такво возило, коешто ќе биде обезбедено од страна на Давателот на услуги, ќе биде во согласност во секој поглед, вклучително во поглед на поставување на табли и означување, со одредбите од Законот за управување со отпад и кои било подзаконски акти поврзани со предметот на истиот и кои било други применливи закони и регулативи за превоз на релевантниот вид на Отпад.

(2) Отпадот ќе се смета дека е конечно прифатен од страна на Давателот на услуги кога Давателот на услуги ќе го собере Отпадот од Локацијата на Клиентот.

Член 5

(1) Клиентот ќе обезбеди дека Отпадот се предава на Давателот на услугите заедно со уредно издадена применлива документација за идентификација и транспорт на отпад, како и соодветна техничка документација и евиденција, како што се бара согласно применливите закони и регулатива кои се однесуваат на управување со отпад.

(2) Клиентот ќе обезбеди дека секаков Отпад кој се пренесува од или во име на Друштвото на Давателот на услугите на услуги ќе биде во сообразност со описот на Отпадот даден во член 2 од овој Договор и нема да содржи каков било Несообразен Отпад. „Несообразен Отпад" означува отпаден материјал кој не е во сообразност со описот на Отпадот даден во член 2 од овој Договор. Давателот на услуги може да одбие да прими Несообразен Отпад, освен ако поинаку не е договорено во писмена форма со Клиентот.

(3) Сите ризици и одговорности поврзани со Отпадот преминуваат на Давателот на услугите во времето кога Давателот на услуги ќе го преземе Отпадот.

ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

(1) Во замена за услугите обезбедени од страна на Давателот на услуги според овој Договор, Клиентот ќе му плати на Давателот надоместоци како што се утврдени со Понудата од 21.05.2026 издадена од Давателот на услугите и потпишана од страна на Клиентот (во натамошниот текст: "**Понудата**").

(2) Понудата е дадена како Прилог 1 кон овој Договор и претставува составен дел на овој Договор.

(3) Надоместоците изразени во Понудата се прифатени и конечни и истите не подлежат на дополнителни измени. Износот на надоместоците може да се изменат само со склучување на писмен анекс кон Договорот и предвидување на нова понуда.

(4) За услугите предвидени со овој Договор, Давателот на услуги ќе му издаде на Клиентот фактура на крајот од месецот, која ги вклучува сите поединечни подигнувања на Отпадот во тој месец.

(5) Клиентот ќе ги плати фактурираните износи во согласност со овој член во рок од 15 дена од приемот на соодветната фактура од Давателот на услуги.

Член 7

(1) Давателот на услуги ќе ги обезбеди услугите според овој Договор врз основа на термини кои ќе се утврдат од страна на договорните Страни, кои може да бидат неделни или месечни ("**Договорените термини**"). Во случај на вонредно подигнување на Отпадот, односно подигнување на Отпадот во термини поразлични од Договорените термини, Давателот ќе ги обезбеди услугите врз основа на писмена нарачка за услуги (вклучително и дадена преку електронска пошта) издадена од овластен претставник на Клиентот.

(2) Нарачката за услуги ќе подлежи на одредбите и условите од овој Договор. Во нарачката за услуги особено ќе биде наведен видот на Отпад кој треба да биде примен и предложеното време за прием на Отпадот.

(3) Клиентот може да ја достави нарачката за услуги по електронска пошта.

ДЕЈСТВИЈА НА СТРАНА НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИ

Член 8

(1) Давателот на услуги се обврзува да ги извршува услугите предмет на овој Договор квалитетно и со внимание на добар стопанственик.

(2) При собирање на Отпадот, Давателот на услуги ќе му издаде на Клиентот соодветна документација за идентификација и транспорт на отпадот, како и соодветната техничка и евиденциона документација, во согласност со применливото право и прописи, кои ги уредуваат управувањето со отпад.

ДЕЈСТВИЈА НА СТРАНА НА КЛИЕНТОТ

Член 9

(1) Пред собирањето на Отпадот, Клиентот ќе биде должен:

a) да го селектира и класифицира Отпадот; и

b) да го означи Отпадот во согласност со одредбите од применливите закони и регулативи за управување со отпад.

(2) Клиентот ќе му овозможи на Давателот на услуги безбедна и соодветна работна средина за извршување на работните задачи кои мора да бидат извршени од страна на Давателот на услуги на Локацијата на Клиентот согласно овој Договор. Клиентот особено ќе обезбеди безбедни услови на Локацијата на Клиентот за Давателот на услуги да може непречено да ги внесува и изнесува возилата и другата опрема во и надвор од Локацијата на Клиентот.

(3) По собирањето на Отпадот, Клиентот ќе издаде соодветна документација за идентификација и транспорт на отпадот, како и соодветна техничка и евиденциона документација, во согласност со применливите прописи кои се однесуваат на управувањето со отпад.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ

Член 10

(1) Овој Договор влегува во сила на денот на неговото потпишување од страна на договорните Страни и ќе важи во периодот од 1 (една) година, освен доколку не биде раскинат порано во согласност со одредбите од овој Договор.

(2) Под услов ниту една Договорна страна, да не прати писмено известување кај другата Договорна страна за својот план да не го продолжи траењето на Договорот триесет (30) дена пред истекувањето на важењето на Договорот, овој Договор ќе биде автоматски продолжен за уште една дополнителна година[

(3) Страните може да го раскинат овој Договор пред истекот на неговото времетраење со склучување на писмена спогодба за раскинување на Договорот.

(4) Секоја Страна може да го раскине овој Договор пред истекот на неговото времетраење, со испраќање на претходно писмено известување до другата Страна, најмалку 30 (триесет) дена пред планираното раскинување на Договорот.

(5) Секоја Страна може едностранo да го раскине овој Договор пред истекот на неговото времетрасње а по претходно писмено известување со непосреден ефект:

a) доколку другата Страна стори битна повреда на своите обврски од овој Договор и (доколку таквата повреда може да се отстрани) и другата Страна не ја отстрани таквата повреда во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на известување од Страната која го раскинува Договорот со кое се бара Страна која го повредила Договорот да ја отстрани повредата;

b) доколку другата Страна повеќе не ги поседува потребните дозволи, лиценци или овластувања кои се задолжителни за да може да ги исполнува своите обврски од овој Договор;

c) ако е отпочната постапка за стечај или ликвидација на другата Страна.

(6) По доставувањето на известување за раскинување од која било причина, Страните ќе продолжат да ги почитуваат одредбите од овој Договор, сè до престанувањето на овој Договор.

ОВЛАСТЕНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Член 11

(1) Секоја страна назначува овластен претставник кои ќе ги кооординираат активностите на Страните предвидени со овој Договор.

(2) Давателот на услуги ги има назначено следниве лица, вработени кај Давателот на услуги како негови овластени претставници за целите на вој Договор:

Име: Бојан Јанакиевски

Позиција: административен службеник

Телефонски број: 071/235-714

Е-маил: bojan.janakievski@greenteam.mk

(3) Клиентот ги има назначено следниве лица, вработени кај Клиентот како негови овластени претставници за целите на овој Договор:

Име: Емин Зеќири

Позиција: управител

Телефонски број: 070/538-485

Е-маил: goldenegskopje@gmail.com

МЕРОДАВНО ПРАВО И НАДЛЕЖЕН СУД

Член 12

(1) На овој Договор и кон било спорови или барања кои произлегуваат од или се во врска со Договорот, неговиот предмет или неговото настанување (вклучувајќи вондоговорни спорови или барања) ќе се применува и истиот ќе се толкува согласно со законите и прописите на Република Северна Македонија.

(2) Сите спорови кои може да произлезат од или се во врска со овој Договор ќе бидат решавани на мирен начин, т.е. Страните пред се ќе настојуваат да ги решаваат пријателски.

(3) Доколку спорот не може да се реши на мирен пат, надлежен суд за решавање за споровите ќе биде Основниот суд Битола.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 13

(1) Ако која било одредба на овој Договор се смета дека е неважечка, противправна или неизвршлива од која било причина од страна на кој било надлежен суд, таквата одредба ќе биде одделена и ќе биде без влијание на останатите одредби. Ако некоја одредба на овој Договор која е суштествена за остварувањето на целта на овој Договор, се смета дека е неважечка во која било мера, Страните веднаш ќе отпочнат преговори во добра верба за да се отстрани таквата невалидност.

(2) Какво било изменување или дополнување на кои било одредби или услови на овој Договор, ќе биде во писмена форма и ќе биде потпишано од страна на двете Страни.

Член 14

(1) Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примерока, од кои по еден (1) примерок за секоја од Страните.

Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз Битола,
Давател на услуги

Управител


ГРИН ТИМ

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ ,Скопје,
Клиент

Управител

- Да се достави дозвола за собирање и транспорт на преханбени стоки (отпад од животинско потекло), издадена од МЖСПП.

Одговор: Компанијата Вардар био процес ДОО Градско поседува Решение за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло



Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

УП – I Бр. 17-5117
Датум 25 -Dec- 2025

Агенцијата за храна и ветеринарство, решавајќи по барање УП- I Бр. 17- 5117 од 11.12.2024 година доставено од страна на ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО, Градско, со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско, со единствен матичен број 7420129 за одобрување на оператор, објект или погон со нуспроизводи од животинско потекло, а врз основ на член 26 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/23) го донесе следното

РЕШЕНИЕ
за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло

1.Назив на правното лице	ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско
2. ЕМБС на правното лице	7420129
3.Број на одобрение	МК АВР 05 06 005
4. Адреса на правното лице	ул. Автопат бр. 4 Градско
5.Одговорно лице во правното лице	Ванчо Георгиев
6.Адреса на објектот	ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско ул. Автопат бр. 4 Градско
7.Активност која се врши	Производство на биогас (Категорија 2 материјал на нуспроизводи од животинско потекло: штално ѓубриво и содржина од дигестивен систем)
8.Капацитет	150.000 тони /годишно
Забелешка:	/

Носителот на решението е должен да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство за секоја настаната измена во просторот, инфраструктурата, опремата и активностите во рок од 15 дена од настанување на промената.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по барањето УП- I Бр. 17- 5117 од 11.12.2024 година за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло, на ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско, стручната комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство со решение број 02 – 2942/1 од 04.11.2024 година изврши преглед на

qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

ОБ 8.5-2.3-01в09 1/2

пропратната документација доставена кон барањето и преглед на самото место констатирано со Комисиска контролна листа 17- 5117 од 02.01.2025 година и достави мислење бр. 17- 5117 од 03.01.2025 година за исполнување на барања во поглед на инфраструктурата и опремата и издавање на Решение за времено одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло УП- I Бр. 17-5117 од 03.01.2025 година. На ден 02.04.2025 година стручната комисија изврши повторен преглед на самото место констатирано со Комисиска контролна листа 17-5117 од 02.04.2025 година и достави мислење 17-5117 од 03.04.2025 година за исполнување на барањата согласно Законот за нуспроизводи од животинско потекло. При втората посета е приложена и нова Тековна состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија дигитално потпишан примерок од 12.02.2025 година за промена на одговорно лице во правното лице без промена на матичниот и даночен број на правното лице.
Врз основа на горенаведеното, а согласно член 26 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Жалба против ова решение се изјавува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Административна такса од ЗАТ во износ од 400,00 денари е приложена кон барањето.
Надоместокот согласно Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна исплата, во износ од 22.000,00 денари е приложен кон барањето.

Директор
д-р Оливер Милановски

Изработил:Наташа Антовска
Контролирал: Арѓенд Османи
Одобрил:м-р Сашко Арсов

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива на АХВ
- ПЕ Велес

CamScanner

- Да се достави договор за чистење и одржување на септичката јама со областен постапувач.

Друштво за промет и услуги
ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-701
21.05 2026 год.
Битола

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Бр. 04/26
21.05 2026 год.
с.ВИЗБЕГОВО СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

Склучен на 21.05.2026 година, во Скопје, од и помеѓу:

1. Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз Битола, со регистрирано седиште на ул. П.П.Његош бр.139, Битола, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7173180, застапувано од Елизабета Јанакиевска, управител (во натамошниот текст: "**Давател на услуги**"); и
2. Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1552 бр.70, с.Визбегово, Бутел, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6459064, застапувано од Емин Зеќири, управител (во натамошниот текст: "**Клиент**").

Кога Клиентот и Давателот на услуги заедно се споменуваат во овој Договор, истите ќе се нарекуваат: „**Страните**".

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Клиентот создава одредени видови на неопасен отпад од вршење на својата дејност, во просториите каде се наоѓа неговото седиште (во натамошниот текст: "**Локацијата**").
(2) Давателот на услуги е трговско друштво кое поседува Дозвола за вршење на дејност управување со отпад (собирање и транспорт на неопасен отпад) заведена под број Уп 1 - 11/2-479/2024 од 12.03.2024 година издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, со важност до 11.03.2034 година (во натамошниот текст: "**Дозволата**").
(3) Клиентот сака да набави од Давателот на услуги и Давателот на услуги е спремен да му обезбеди услуги на Клиентот за постапување со неопасен комунален отпад, односно собирање и транспортирање на комуналниот отпад (во натамошниот текст: "**Услугите**").

Член 2

(1) Страните се согласуваат дека предмет на овој Договор е комунален неопасен отпад создаден преку вршење на дејноста на Клиентот на Локацијата (во натамошниот текст наречен: "**Отпадот**").

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

(1) Под условите од овој Договор, Клиентот го ангажира Давателот на услуги и Давателот на услуги се согласува да му ги обезбедува на Клиентот следните услуги за Отпадот:
- Собирање на Отпадот од локацијата на Клиентот и транспортирање на Отпадот и негово растоварање на места определени за негово депонирање, или организирање на собирањето и транспортот на Отпадот;
- Изнајмување на пластичен контејнер за собирање на Отпадот.

1

(2) Какво било изменување или дополнување на кои било одредби или услови на овој Договор, ќе биде во писмена форма и ќе биде потпишано од страна на двете Страни.

Член 14

(1) Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примерока, од кои по еден (1) примерок за секоја од Страните.

Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз Битола,
Давател на услуги

Управител

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ ,Скопје,
Клиент

Управител

GREEN TEAM

- Чистење на канализација ,одводи, јами, резервоари
- Изнајмување и одржување на мобилни тоалети
- Продажба на комунална опрема
- Сервис на комунални возила
- Пескарење и заштитно фарбање на возила, машини
- Индустриско чистење
- Собирање и транспорт на отпад

тел. +389 47 223 165, +389 71 235 714,+389 72 306 710 www.greenteam.mk ,
bojan.janakievski@greenteam.mk ISO 9001:2015;ISO 14001:2015;ISO 45001:2018;ISO 26000:2010

*Начинот на работа би бил во тек на работни денови од Понеделник до Петок два пати неделно
*Предмет на собирање ќе биде отпадот кој се наоѓа само во контејнерите
Напомена:Нарачателот да обезбеди пристап за работа.
Начин на плаќање:Вирмански на фактура во рок од 15 дена.
Ве молам доколку ја прифатите понудата истата да ја потврдите со потпис и печат.
За вонредни интервенции во неработни денови или после 20:00 часот до 07:00 часот наутро цените се за 50% повисоки од наведените.

Со почит
Грин Тим ДОО
Ул.П.П.Његош бр.139 Битола
Ул.Ѓорѓи Колозов бр.62,Мајари,Скопје
+389 71 235 714
+389 47 223 165
Mail:bojan.janakievski@greenteam.mk
Mail:info@greenteam.mk
www.greenteam.mk
https://www.facebook.com/green.team.mk
https://www.instagram.com/green.team.mk

Датум:
21.05.2026

ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје

ПРИЛОГ 6

- Да се достави извод оддетален урбанистички план од општина Бутел, заради утврдување на припаѓање на конкретната локација на инсталацијата во однос на подрачјето на степенот на заштита од бучава.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВОД ОД ПЛАН

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-36/2 **од** 01.02.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер
Скопје

УПВНМ: индустриска зона „ Визбегово со разработка на блок-12 К.О.Визбегово

Одлука бр: 08-1555/13 од 17.11.2016 година

Намена на градба: Блок-9 Г2,Г3,Г4-лесна и незгадувачка индустрија, сервиси, стоваришта


КП: 102/1

ДЛ: -/- **М** 1: 2500

ИЗВОД ЗА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА КП 102/1 КО Визбегово

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна


302.50
C9
302.97
309.20
R12.0
R215.0
R80.0
R15.0
R500.0
R300.0
R200.0
Ф 250
Ф 100
Г2-Г3-Г4
БЛОК-9-
КП 102/1
C6
R500.0
R12.0
297.67
294.30
Ф80
R150.0
C5
C3
Ф 250
R80.0
R30.0
R12.0

ПОСЕБНИ УСЛОВИ за градба за секој блок во опфатот

Блок 9

Класи на намени:и

Во блокот се планираат намени за производство, дистрибуција и сервиси, со основната класа на намена Г2-лесна и несгадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта, и сообраќајна инфраструктура

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.

Паркирање: Паркирањето, гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти, со разработка на блокот или со АУП.

Други услови:

Алтернативните, компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.

Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативе за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13)и проектирање на објектите.(Сл.Весник на РМ бр. 60/12)

Други услови: Во понатомашна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се утврди површина за изградба на објекти со сите параметри согласно намената и застапеноста на компатибилните намени.

Други услови: Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита.

•При разработка на блокот, а пред доставување на барање за согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Напомена: Пред изработка на АУП за катастарската парцела треба да се обратите до Секторот за урбанизам во општина Бутел да даде согласност за негова изработка, во спротивно АУП-от нема да биде одобрен.

изготвил,
Весна Гугулоска град.тех.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.

ПРИЛОГ 7

- Да се изврши целосна преработка на предлог програмата за подобрување. Активностите предвидени во програмата за подобрување да се дефинираат со датум на почеток и датум на завршување на реализација на предвидената активност согласно приложената табела (за секоја активност посебна колона).

Предложени мерки:

1. Воведување на стандард ISO 14001:2015
2. Енергетска ефикасност - ЛЕД модернизација
3. Озеленување на кругот на инсталацијата
4. Поставување визуелни упатства за штедење ресурси
5. Инсталација на фреквентни регулатори на вентилацијата

Мерка за подобрување (Активност)

1. Воведување на стандард ISO 14001:2015
(Систем за управување со животна средина - подготовка, обука и сертификација)

Со цел воспоставување на меѓународен систем на следливост, операторот ќе ангажира консултантска куќа за изработка на процедури за идентификација на аспектите на животна средина. Процесот ќе резултира со официјална сертификација, што ќе гарантира дека секој вработен во фармата е целосно запознаен со управувањето со ресурсите и отпадот.

Датум на почеток	Датум на завршување	Одговорно лице	Индикатор на реализација
01.09.2026	31.05.2027	Управител / Надворешен консултант	Склучен договор, имплементирани процедури и издаден ISO сертификат

Мерка за подобрување (Активност)

2. Енергетска ефикасност - ЛЕД модернизација
(Замена на комплетното постојно осветлување во сите објекти со високо-ефикасни LED светилки)

Живинарската фарма троши значителни количини електрична енергија за вештачко осветлување на несилките (светлосен програм) и за вентилација. Со воведувањето на ЛЕД технологијата и фреквентните регулатори, потрошувачката на енергија ќе се намали за околу 25%, со што директно се влијае на намалување на индиректните емисии на стаклени гасови.

Датум на почеток	Датум на завршување	Одговорно лице	Индикатор на реализација
15.07.2026	15.10.2026	Управител / Електро-инженер	Набавени ЕЕ светилки, монтиран систем и намалена потрошувачка на kWh

Мерка за подобрување (Активност)

3. Озеленување на кругот на инсталацијата
(Подигнување на зелен појас со високостеблести дрвја околу оградата за заштита од ветер, миризби и бучава)

Локацијата во с. Визбегово бара естетско и функционално интегрирање во околината. Предвидениот зелен појас (вегетативна бариера) по должината на границата на парцелата ќе служи како природен филтер кој ќе го намали разлетувањето на ситната прашина, ќе ги апсорбира специфичните мириси од живината и значително ќе ги ублажи емисиите на бучава од вентилаторите кон надворешната средина.

Датум на почеток	Датум на завршување	Одговорно лице	Индикатор на реализација
01.10.2026	15.11.2026	Управител / Овластен расадник	Засадени минимум 50 садници (туја/четинари) и уреден зелен простор

Мерка за подобрување (Активност)

4. Поставување визуелни упатства за штедење ресурси

Лепење ознаки/налепници за задолжително гасење светла и затворање вода до чешмите и во хангарите

Датум на почеток	Датум на завршување	Одговорно лице	Индикатор на реализација
01.07.2026	15.07.2026	Управител	Изработени и залепени налепници на клучни места

Мерка за подобрување (Активност)

5. Инсталација на фреквентни регулатори на вентилацијата

Воведување автоматизирано менаџирање со вентилаторите за заштеда на енергија

Датум на почеток	Датум на завршување	Одговорно лице	Индикатор на реализација
01.03.2027	30.04.2027	Управител	Инсталирани уреди на командна табла и за записник за функционалност

- Да се предвидат предлози за примена на најдобри достапни технологии од пласта со која работи операторот.

Одговор:

Член 107 од Законот за животна средина[1], ја дефиниран содржината на А-интегрираната еколошка дозвола. Според параграф 1 од овој член: "А-интегрираната еколошка дозвола се заснова на примена на најдобрите достапни техники (НДТ).". Од друга страна, член 125 од законот ја дефинира содржината на Б-интегрираната еколошка дозвола. Овој член не носи обврска за примена на најдобри достапни техники кај Б-интегрираните еколошка дозвола.

Новиот Закон за контрола на индустриски емисии (Сл.весник на РСМ 193/25), согласно членот 119 од овој закон, "ќе започне да се применува по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон", односно од 26.09.2027 година.

Сепак, имајќи предвид заложбите на идниот Б ИСКЗ операторт за безбедно одгледување на здрава живина и заштита на животната средина, во примена се низа на мерки што почиваат на најдобри достапни техники согласно релевантниот референтен НДТ (BREF) документ за интензивно одгледување живина.

1. НДТ за воведување Систем за управување со животна средина (EMC)

- (НДТ 1) Со цел подобрување на севкупните еколошки перформанси на фармата, се имплементира структуриран систем кој вклучува дефинирање на јасна еколошка политика за континуирано унапредување на инсталацијата. Оваа техника налага воспоставување писмени процедури за обука и подигнување на свеста на персоналот, дефинирање на структурирана одговорност, програми за редовно одржување на опремата, планови за итни случаи и спроведување на редовни внатрешни проверки на усогласеноста со законодавството. Операторот во програмата за подобрување предвидува воставување на ИСО стандарди за подигнување на нивото на управување со инсталацијата и со животната средина.

2. НДТ за управување со исхраната (Намалување на азот и фосфор)

- (НДТ 3 и 4) Со цел да се намали вкупната екскреција на азот и фосфор и да се минимизираат емисиите на амонијак во воздухот, се применува диетална формулација и стратегија за исхрана која соодветствува на нутритивните потреби на несилките. Техниката налага намалување на содржината на сурови протеини преку користење на урамнотежена исхрана (заснована на точни аминокиселини), воведување повеќефазно хранење прилагодено на специфичните барања на производниот период и употреба на одобрени хранливи адитиви кои го намалуваат излачувањето на хранливи материи во екскретот.

3. НДТ за ефикасно користење на вода

- (НДТ 5) Техниката за рационално менаџирање со водните ресурси налага задолжително водење на редовна евиденција за потрошувачката на вода на местото на одгледување. Истовремено, се применуваат мерки за навремено откривање и итна поправка при евентуални истекувања, соодветен избор на технолошка опрема (користење на затворени поилки со нипли) и спроведување на калибрација на опремата за пиење на регуларна основа.

[1] Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 79/06, 101/06; 109/06, 24/07, 159/08, 83/09, 161/09, 1/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015, 192/2015, 39/16, 28/18, 65/18, и Службен весник на РСМ бр. 99/18, 176/21, 216/21, 89/22, 99/22, 171/22, 3/25, 124/25, 191/25

4. НДТ за ефикасно користење на енергија

- (НДТ 8) За обезбедување енергетска ефикасност во фармата, се имплементира комбинација од техники која опфаќа примена на високоефикасни системи за вентилација и ладење, континуирана оптимизација и паметно управување со климатизацијата, како и задолжително користење на енергетски ефикасно осветлување (ЛЕД технологија) во сите производствени објекти.

5. НДТ за намалување на емисиите на бучава

- (НДТ 10) Со цел спречување и ублажување на ширењето бучава во животната средина, се применуваат оперативни мерки кои налагаат затворање на вратите и главните технолошки отвори на хангарите (особено за време на автоматското хранење), ракување со опремата исклучиво од страна на обучен персонал, контрола на бучавата за време на ремонт и одржување, како и избегнување на какви било бучни активности во текот на ноќта и за време на викендите.

6. НДТ за контрола и намалување на миризби

- (НДТ 13) За заштита на околината од ширење непријатни миризби, покрај соодветното просторно растојание од чувствителните рецептори, се оптимираат условите за испуштање на воздухот од хангарите. Оваа техника вклучува редовно отстранување на ѓубрето од објектот, редовно отстранување од инсталацијата без негово складирање, пренасочување на издувниот воздух, зголемување на висината и брзината на вертикалниот излез, поставување надворешни вегетативни бариери (садење дрвја околу фармата) за создавање воздушни турбуленции, како и задолжително покривање на екскретот за време на неговото привремено складирање и минимизирање на неговото мешање.